РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 09. 01. 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 106/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА
СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 185 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесуваме Информација за колапсот на јавното здравство како резултат на политиката на Владите на Никола Груевски во изминатите 6 години.

Согласно член 134 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, за овластен претставник на предлагачот на поднесената информација се определува пратеникот Менде Диневски.

ПРАТЕНИЦИ

# ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СДСМ

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| 1. | Радмила Шекеринска | |
| 2. | Гордан Георгиев | |
| 3. | Наташа Савова | |
| 4. | Игор Ивановски | |
| 5. | Тања Томиќ | |
| 6. | Ана Пваловска Данева | |
| 7. | Оливер Спасовски | |
| 8. | Горан Минчев | |
| 9. | Благоја Стојановски | |
| 10. | Самка Ибраимоски | |
| 11. | Драгиша Милетиќ | |
| 12. | Марјанчо Николов | |
| 13. | Маринела Тушева | |
| 14. | Емилијан Станковиќ | |
| 15. | Билјана Казанџиска | |
| 16. | Миле Андонов | |
| 17. | Голубчо Ангелов | |
| 18. | Станка Анастасова | |
| 19. | Андреј Петров | |
| 20. | Панче Орцев | |
| 21. | Горан Сугарески | |
| 22. | Цветанка Иванова | |
| 23. | Саве Марачков | |
| 24. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ | |
| 25. | Борче Ставров | |
| 26. | Јани Макрадули | |
| 27. | Весна Бендевска | |
| 28. | Митре Велјаноски | |
| 29. | Ердоган Сарач | |
| 30. | Дивна Јофковска Ефтимоска | |
| 31. | Менде Диневски | |
| 32. | Стојко Пауновски | |

| Ред.бр | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1. | ПЕТКОВСКИ ТИТО | |
| 2. | ВЕЛИЧКОВСКИ ИВОН | |
| 3. | МИСОВСКИ ГОРАН | |
| 4. | МИРАКОВСКА СОЊА | |
| 5. | АЦЕВСКИ НИКОЛЧЕ | |

# ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА
# ПЕИ и СЛ

| Ред.бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1. | РЕЈХАН ДУРМИШИ | |
| 2. | ФИЈАТ ЦАНОСКИ | |
| 3. | ЛЕНЧЕ НИКОЛОВСКА | |
| 4. | МЕВМЕД ЏЕМАЈЛОСКИ | |
| 5. | САФЕТ БИШЕВАЦ | |

**Информација за колапсот на јавното здравство како резултат на политиката на Владите на Никола Груевски во изминатите 6 години**

Во изминатите 6 години владеење на ВМРО-ДПМНЕ состојбата во македонското здравство е повеќе од загрижувачка. Со изборот на секој нов министер за здравство сè повеќе се влошува состојбата. Од бомбастично најавуваните реформи за кои се потрошија многу пари, денес имаме само јавно признаени порази во оваа област. Со еден збор, јавното здравство во Република Македонија, како резултат на политиката на владите на Никола Груевски, денес се наоѓа во колапс.

Слободно може да се заклучи дека во изминатите 6 години не видовме ништо од ветувањата во Преродбата и роковите на кои ВМРО-ДПМНЕ сами на неколку наврати се обврзаа. За тоа говорат огромен број факти. Во 2007 г. Владата го распарчи Клиничкиот центар, воведе двојно менаџирање на секоја клиника и назначи повеќе партиски војници во управните одбори. Дополнително, наместо ветеното намалување на здравствената администрација здравството стана омилено место за вработување на партиски војници на ВМРО-ДПМНЕ. Оваа квази реформа не предизвика никаков позитивен ефект, освен што го зголеми долгот на поранешниот клинички центар за околу 1,5 милиони евра на годишно ниво. Останатите „иновативни реформи" како оние со двојниот потпис, снимањето со камерите по болниците и водачите на пациентите доживеа фијаско. Се потрошија милиони евра за на крај Министерството за здравство да констатира тоа што сите им го укажуваа од самиот почеток - дека овие реформи се промашени. Агонијата се продлабочува, владее хаос и незадоволство во целиот систем.

Погрешните чекори преземени од владите на ВМРО-ДПМНЕ во здравствениот сектор реално се одразија на квалитетот на здравствената услуга која ја добиваат пациентите. Сè уште нема јасно дефиниран пакет на здравствени услуги, го нема ветениот интегриран систем за брза помош, никако да се заврши со дијагностичкиот центар во Тетово, го нема ветениот нов Клинички центар во Скопје. Додека пациентите чекаат Владата да се зафати и вистински да го реформира здравството, таа носи парцијални решенија колку да и ги замачка очите на јавноста дека нешто работи. Но, засега, од подоброто здравство нема ништо, затоа што пациентите и натаму се заложници на вештачки листи на чекање, на трчање по упати, на квази реформи. Конечно, помпезно најавуваниот проект бесплатно здравство остана само на хартија и во ТВ спотовите на ВМРО-ДПМНЕ.

За 5 месеци колку што е министер за здравство, Тодоров освен што секојдневно се појавува во јавноста не успеа да промовира програма со која ќе се обиде да реши дел од проблемите.

Во изминатите 5 месеци освен што ги навредува и дискредитира сите субјекти што го чинат здравствениот систем, не прави ништо друго. Изјавите на Тодоров воопшто не се разликуваат од неговите претходници и истите постојано отвораат проблеми во здравството и функционирањето на здравствениот систем. За жал, ваквата политика не носи решенија.

Со изјавите Тодоров не сакајќи признава дека работите во македонското здравство не функционираат. Но, наместо сериозно да се зафати со работа, тој вината ја префрла врз сите други. Иако има законска обврска да ги разреши неспособните менаџери, Тодоров ги штити и толерира на штета на пациентите, што и не треба да изненадува ако се земе предвид непобитниот факт дека сите раководни кадри во здравството во изминатите 6 години, од министри, директори на клиники како и сите новвработени во јавното здравство се токму директни партиски војници и кадри на Никола Груевски и неговите коалициони партнери.

По неуспешниот проект за менаџмент и лидерство во здравството тежок 200.000 евра, Министерот, наместо концепт за излез од кризата, промовира нов проект од 80.000 евра за обука на само 10 директори. Со обуките на двајцата директори, ЈЗУ требаше да имаат многу малку проблеми, додека со врзаниот потпис криминалот и корупцијата да станат минато.

По 6 години власт независно колку министри се променија, состојбите во здравството се резултат на политиката што ја спроведува владата на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа денес долговите на ЈЗУ достигнаа скандалозни 50 милиони евра. Од година во година само се зголемуваат обврските и долговите. Денес за долговите на ЈЗУ и состојбата во Фондот никој од власта не сака јавно да проговори. Денес долгот во здравството е државна тајна на оваа влада. Заради неспособноста на менаџерските тимови и одговорните во здравството трпат сите, од здравствените работници до пациентите и добавувачите.

Граѓаните одамна предупредуваат дека Владата на Груевски не води здравствена политика, туку бизнис-политика во здравството. Во таквата политика приоритет е бизнис-интересот на Фамилијата, а не здравјето на пациентите.

Во исто време кога Владата ја задолжува РМ кај странските банки за реконструкција на ЈЗУ, во вода се фрлаат милиони денари заради грешки во реконструкции. Додека Владата се задолжува за нова медицинска опрема, се уништуваат вакцини вредни милиони евра само заради тоа што им поминал рокот.

На ВМРО –ДПМНЕ, не само што му беа потребни 5 години да почне парцијално да го реализира ветувањето дека ќе инвестира милиони евра во здравствениот сектор, туку и во набавката на медицинска опрема има разлика од 28 милиони евра од првичните ветувања на Владата. Набавката на

опремата се врши без никаква анализа на терен, без да се знае на која болница и на кој град во Македонија кој медицински апарат им е потребен. Нема никакви приоритети за потребите на болниците, туку само криминални бизнис тендери и договори во четири очи во набавката на опремата. Обезбедување на услови за функционирањето на таа опрема, градењето или пренамената на просториите за истата чини дополнително многу пари, кои допрва треба да се обезбедуваат. Наместо да се разработи сериозен пристап и навреме да се оспособи стручен кадар кој ќе управува со опремата, владата повторно нуди квази решенија.

Мерките на Владата во здравството не произведоа ништо освен незадоволни здравствени работници со намалени плати, незадоволни матични лекари и гинеколози, незадоволни стоматолози на кои им се одземаат пациентите, изигрување на одлуките на Уставниот суд, укинување на „бебибум“ проектот.

Денес, доцнат исплатите за боледувањата и породилните отсуства за повеќе од 5 месеци, а проблемите на пациентите со недостаток на инсулин никако да се надминат. Како резултат на реформите и мерките на Владата се раѓаат деца на светло од мобилен телефон, болниците работат без алтернативни системи за водоснабдување, заради немање на парно се доведува во опасност од пожари здравјето на пациентите и здравствените работници, се затвараат одделенија заради немање на услови за нормално функционирање, се бркаат волонтери од Битола и Штип кои работат исто како и постојано вработените. Како резултат на реформите и мерките на Владата, Стоматолошкиот клинички центар денес е во најтешките денови од неговото постоење. Од врвна здравствена установа која беше пример за функционирање, развој и следење на современите достигнувања, СКЦ денес се соочува со огромни долгови и загуби.

Владата троши 400 милиони евра за споменици, за проектот Скопје 2014, а здравството едвај крпи крај со крај. Исплатите од ФЗО сѐ повеќе доцнат, нема доволно пари за породилно боледување, за зголемување на капитациите, повеќе месеци доцни исплатата на негата за трето лице, државата се задолжува со кредити во странство за набавка на вакцини, постојано се пролонгира рокот за исплата кај концесионерите, а пациентите сонуваат за подобро здравство.

Ревизорските извештаи за министерството за здравство и голем број на ЈЗУ за изминатите години само ги потврдија укажувањата на СДСМ за незаконско и ненаменско трошење на парите на граѓаните. Милиони евра се потрошени за разни тендери и набавки, но никој до денес не понесе одговорност за тоа. Напротив, дел од кадрите на ВМРО-ДПМНЕ се унапредени на повисоки позиции во државата.

И наместо сериозно да се зафати со сè поевидентниот колапс на здравството во Република Македонија, владата на Груевски и ВМРО-ДПМНЕ во Буџетот за 2012 г. предвидува уште помалку пари за програмите во министерството за здравство, со што директно се доведува во прашање нивната реализација која е од витален интерес на сите граѓани на РМ.

Поради сите овие причини, сметаме дека Собранието на Република Македонија со исклучително внимание треба да ја разгледа Информацијата за колапсот на јавното здравство каде преку содржинска и аргументирана собраниска расправа ќе бидат понудени многу одговори поврзани со здравството, но и ќе се изготват заклучоци кои ќе помогнат здравството да се разбуди од комата во кое е западнато во изминативе 6 години.